**20121212995**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАБАВКА НА НОВИ ВЛЕЧНИ И ВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА ВО МЖ ТРАНСПОРТ АД -СКОПЈЕ“ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И МЖ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот „Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД -Скопје“ кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД - Скопје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 септември 2012 година.

Бр. 07- 4065/1
26 септември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАБАВКА НА НОВИ ВЛЕЧНИ И ВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА ВО МЖ ТРАНСПОРТ АД -СКОПЈЕ“ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И МЖ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за Проектот „Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД - Скопје“ кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД - Скопје во износ од 50.000.000 евра, доколку МЖ Транспорт АД - СКОПЈЕ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и МЖ Транспорт АД -Скопје за Проектот „Набавка на нови влечни и влечени средства во МЖ Транспорт АД - Скопје“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши МЖ Транспорт АД - Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години со вклучен грејс период од три години и шест месеци.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

МЖ Транспорт АД - Скопје ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

За износот на неповлечените средства од заемот, на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и МЖ Транспорт АД - Скопје ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".